Република Македонија
Интернационален универзитет
ЕУРОПА ПРИМА
Бр. 03-126
21.07. 2020 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

за избор на соработник на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита во сите соработнички звања од 5. Научно подрачје Општествени науки, Поле : 515 Одбрана, Област: Планирање на одбрана и заштита (51509 – Фраскатиева класификација)

Во врска со распишаниот конкурс, објавен во дневниот весник„ Нова Македонија " на 02.07.2020 година, за избор на соработник на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита во сите соработнички звања од 5. Научно подрачје: Општествени науки, Поле: 515 Одбрана, Област: Планирање на одбрана и заштита (51509 – Фраскатиева класификација), Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита во состав на Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА - Скопје, на седница одржана на 16.07.2020 година, донесе Одлука за формирање Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Атанас Козарев, проф. д-р Ненад Танески и проф.д-р Методија Дојчиновски.

На Конкурсот во предвидениот рок се пријави еден кандидат:

- М-р Милан Стефаноски

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Институтот за аудиовизуелни студии и дигитална заштита во состав на Интернационалниот универзитет ЕУРОПА ПРИМА - Скопје да го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. Биографски податоци за м-р Милан Стефаноски

**Милан Стефаноски** е роден во Тетово (1984) каде го завршил основното образование. Средното образование исто така го завршил во Тетово во Училишниот медицински центар ,,Никола Штејн (2003). Дипломирал на Филозофски факултет при Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Институт за одбранбени и мировни студии - Скопје (2007) со што се здобил со звањето дипломиран дефендолог, професор по одбрана и заштита. Во 2020 година, магистрирал на Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје, придружна членка на универзитет Гоце Делчев – Штип, на тема: Трансформација на системот на националната безбедност на Република Северна Македонија во контекст на членството во НАТО и се стекнал со звање: магистар по менаџмент со одбранбено-безбедносни ресурси од областа на безбедноста и одбраната.

Во 2009 година бил вработен во Министерство за одбрана и тоа во следните организациони единици на министерството: Сектор за инспекција – 2009 година, Сектор за политика и планирање – 2010 година, Кабинет на Министер за одбрана – 2011 година, Кабинет на заменик министер за одбрана – 2011 година.